

# ДЕНКО МАТЕВСКИ DENKO MATEVSKI

МАЈСКИ ИЗЛОЖБИ НА МЛАДИ '92 MAY EXHIBITIONS OF YOUNG ARTISTS '92

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
ДАУТ ПАШИН АМАМ
6 – 24 МАЈ 1992
СКОПЈЕ

ART GALLERY SKOPJE
DAUT PASHIN AMAM
MAY 6 – 24 1992
SKOPJE



## ДЕНКО МАТЕВСКИ

**Роден е 26.VIII.1965 во Скопје. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности (оддел за графика) во класата на проф. Димитар Малиданов, во Скопје 1991.**
**Член е на ДЛУМ од 1991. Се занимава со графика и графички дизајн.**
**Адреса: ул. „Партенија Зографски" 49, 91000 Скопје, тел. 223–014**

## DENKO MATEVSKI

**Born on August 26.1965 in Skopje. Finished Art High School in Skopje. Graduated at the Academy of Fine Arts (Graphics department) under professor Dimitar Malidanov, 1991 in Skopje.**
**Member of DLUM (Macedonian Association of Fine Artists) since 1991. He is engaged in graphic and graphic design.**
**Address: ul. „Partenije Zografski", 49, 91000 Skopje, tel.233–014.**

„Уметноста мора да биде јазик со кој таинственото се изразува со таинственост".
Кандински

Прикажувањето на уметничките дела влијаат на човекот и на неговиот духовен живот. Ги формира неговите чувства за вредносните критериуми за уметноста, ја поттикнува страста за колекционерство.

Воедно, авторот и неговите ликовни афинитети се изложени на квалификација, класификација како и потврдување на вредностите преку стручните согледувања на уметничката критика.

„Art has to be a language that tells in mysterious manner about mysteries."
Kandinski

Presnting works of art influences people and their spiritual life. It shapes human feelings about values and art criteria and stimulates passion for collecting works of art. In the same time the artist and his fine art affinities are displayed for qualificaiton, classification and confirming of the values by trained eyes of art critics.

Денко Матевски е типичен претставник на најмладата генерација ликовни творци. Свесен за времето и средината во која живее, храбро твори и без „комплекси" ги прави своите први уметничко – графички активности.

Цртежите (кои се најечсто графички предлог или претходница на отпечатокот) и графичките листови (во техника на сито – печат и акватинта) се со романтично, лирско – апстрактно обележје. Тој е интимен, едноставен и сензибилен во изведбата. Сепак понекаде тој изненадува со употребата на нападно црната, жолтата и маслинесто – зелената боја наспроти нежните и воздушести бои кои широко се протегаат по површината на графичкиот отпечаток.

Со можностите на графичката техника (акватинтата), површините се претвораат во сугестивни полиња, зони кои со светлите и темните тонови наликуваат на острови. Од тие евокативни полиња, со тактичка „игра на асоцијации", произлегуваат неочекувани појави, ирационални сознанија или поетска вдахновеност.

Матевски се изразува со нежни, измислени ликовни плохи и суптилни движења. Тие се поезија транспонирана во визуелно – ликовен простор. Вибрациите на духот, регистрирани по пат на апстракција ги откриваат внатрешните збиднувања со кои е исполнето неговото битие.

Овој вид апстракција на обоени полиња открива возвишени визионерски аспирации како **илузија на предел** или **илузија на маса во простор.** Чистата боја (во сито – печатот) на графичките листови, добива моќ да влијае на оние кои ја набљудуваат и ги поттикнуваат енигматските чувства. Ова се ослободени површини кои се исполнети со отворени и благо заоблени полиња (поставени најчесто на бела или сива позадина) кои даваат чувство на бескрај, чувство на заборав, така што делото ни сугерира бегство од „вистинската околина".

Графичкиот израз на Матевски е современ, педантно изведен без примеси на декоративност и наративност. Тие се изделуваат со крајно едноставна содржина, дводимензионално се решени а понекаде се дополнети со слободни сликарски потези и дамки. Паралелно со „меките форми" се јавуваат ситни детали и движења кои го истакнуваат лирското расположение на авторот. Со одбегнување на препознатливи елементи, идејата е сведена на збир од ликовни вредности успешно вклопени во просторот. Градителските ликовни сегменти на графичкото дело се носители на психичкиот набој на авторот. Тој е предиспониран за одредена тематска цел, за посебен свет на мотиви.

Творештвото на Матевски претставува „жариште" на неговите размисли, емоции, ментална концентрација и креативност. Графиката го привлече авторот многу рано отворајќи му го патот во сферата на духовното и уметничкото созревање. Очигледна е авторската позиција која што сведочи за здобиен степен на индивидуалност што му овозможи да се најде во најновите уметнички збиднувања. Така со оправданост може да се констатира дека е „автор што ветува".

Мирјана Талеска

Denko Matevski is e typical representative of the youngest generation of fine art creators. Being aware of his time and enveronment, he works bravely with no inferiority complex creates his first graphic art activities. His drawings could be considered in general as graphic suggestions or preliminaries to the print, while his graphic sheets (done in silk screen and aquatint), are done with a romantic, lyrically abstract touch. Ne works in e private, simple and sensual menner. Yet, he sometimes surprises with use of aggressive black, yellow or olive green as a contast to the delicate airy colors widely spread over the graphic print surface.

The graphic technic of aquatint enables the surfaces to turn into suggestive fields, zones of light and dark, shades looking like islands. This, tactful play of associations, these evoking fields give rise to unexpected experience of irrational realization or poetic inspiration.

Matevski expresses himself through tender, made up art folds and subtile movements. They are poetry transposed into visual space. The vibration od spirit registered by means of abstraction reveals the inner actions of his being.

This sort of abstraction of colored fields shows exalted visionary aspiration as an illusion of area or illusion of mass in space. The clear color of his graphic sheets possesses e power of affecting those that watch it and provokes enigmatic sensation. These released surfaces are filled with open and delicately rounded fields (usually on white or grey backround) and they give a sense of endlessness, oblivion, which causes a suggestion for escape form the real surrounding. The graphic expression of Matevski is modern, diligently done, with no traces of decoration or narration. They possess ultimately simple content, they are two–dimensional and some times loose painting strokes or spots have been added. Paralelly to the soft shapes, we can see small details and moves that emphasise the lyric mood of the artist. Avoiding recognizible elements, the very idea is reduced to a summmary of fine art values that successfully fit in the space. The constructing art segments of the graphic are carriers of psyche charge of the artst. He is predisposed to certain theme goal, for a certain worls of motives.

The works of Matevski show the focus of his thoughts, emotions, mental concetration and creativity. Graphics atracts this artist in his young age and opens to him the sphere of spiritual and artistic maturity. His position as an artist is a proof achieved level of individuality that helps him to be a part of the latest fine art events. So, the conclusion that he is a promising artist is completely justified.

Mirjana Taleska
Translated by: Žaneta Stanoevska



ХОРИЗОНТИ VII, 1992

## КАТАЛОГ:
## CATALOGUE:

### ГРАФИКИ
### GRAPHICS

1. ХОРИЗОНТИ I, 1991
   сито печат, 70x50
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

2. ХОРИЗОНТИ II, 1992
   сито печат, 70x50
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

3. ХОРИЗОНТИ III, 1992
   сито печат, 70x50
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

4. ХОРИЗОНТИ IV, 1991
   сито печат, 70x50
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

5. ХОРИЗОНТИ V, 1992
   сито печат, 70x50
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

6. ХОРИЗОНТИ VI, 1992
   сито печат, 70x50
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

7. ХОРИЗОНТИ VII, 1992
   сито печат, 70x50
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

8 БЕЗ НАСЛОВ, 1992
   сито печат, 70x50
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

9. ХОРИЗОНТИ VII, 1992
   акватинта („Арш“ харија)
   76x57 (67x50)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

10. ХОРИЗОНТИ IX, 1992
   акватинта („арш“ хартија)
   76x57 (67x50)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

11. ХОРИЗОНТИ X, 1992
   акватинта („арш“ хартија)
   76x57 (67x50)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

12. ХОРИЗОНТИ XI, 1992
   акватинта („арш“ хартија)
   76x57 (67x50)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

13. ХОРИЗОНТИ XII, 1992
   акватинта („арш“ хартија)
   76x57 (67x50)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

14. ХОРИЗОНТИ XIII, 1992
   акватинта
   76x35 (66x25)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

15. ХОРИЗОНТИ XIV, 1992
   акватинта
   76x35 (65x23)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

16. ХОРИЗОНТИ XV, 1992
   акватинта
   70x50 (58x41)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

17. ХОРИЗОНТИ XVI, 1992
   акватинта
   70x50 (50x33)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

18. ХОРИЗОНТИ XVII, 1992
   акватинта
   70x50 (50x33)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

19. ХОРИЗОНТИ XVII, 1992
   акватинта
   56x34 (50x19)
   сигн. д. Е.А. Денко Матевски, 92

ИЗДАВАЧ:

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА – СКОПЈЕ; ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: ДРАГАН БОШНАКОСКИ; ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА, ПРЕДГОВОР, БИОГРАФИЈА, ИЗЛОЖБИ: МИРЈАНА ТАЛЕСКА; ПРЕВОД НА АНГЛИСКИ: ЖАНЕТА СТАНОЕВСКА (ПРЕДГОВОР) И МЕНКА КАРАПАШОВСКА (БИОГРАФИЈА) ЛЕКТУРА: БИЛЈАНА МАЛЕНКО ФОТОГРАФИИ: ЃОРЃИ ТРИЧКОВСКИ; ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ: КОЉО МИШЕВ; ПЕЧАТ: НИПРО „НОВА МАКЕДОНИЈА“ ТИРАЖ: 400

ART
GALLERY – SKOPJE EDITOR IN CHIEF: DRAGAN DOSHNAKOSKI ORGANIZATION OF THE EXHIBITION, FOREWARD, BIOGRAPHY, EXHIBITIONS: MIRJANA TLAESKA TRANSLATED INTO ENGLISH BY: ŽANETA STANOEVSKA (FOREWARD) AND MENKA KARAPAS-HOVSKA PROOFREADER: BILJANA MALENKO PHOTOGRAPHS: GEORGI TRICHKOVSKI LAY – OUT: KOLJO MISHEV PRINTED BY: „NOVA MAKEDONIJA: 400 COPIES

II МАЈСКИ ИЗЛОЖБИ НА МЛАДИ 5-24.5.’92 ЗОРАН МАЛИНОВСКИ, 6-24.5.’92 ДЕНКО МАТЕВСКИ И 7-24.5.’92 ДИЈАНА ТОМИЌ

